Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-638/1
07.05 2024 год.
ОБЛЕШЕВО

Друштво за издавање и марке
ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ
Бр. 0307-90/1
02.05 2024 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Општина Чешиново-Облешево,** со адреса:ул.Маршал Тито бр.17 Облешево, застапувана од Градоначалникот Далибор Ангелов, (во понатамошниот текст **„Договорен орган“**) од една страна и

2. **Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје,** со адреса: Бул.Мито Х.Јасмин бб Скопје, застапувано од управителот Валентина Кочовска/Игор Панајотов, во понатамошниот текст **„Носител на набавката“** од друга страна.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на услуга - *Набавка на рекламен простор за објавување во дневен печат на јавни огласи,конкурси,соопштенија и други објави за потребите на општина Чешиново-Облешево, сукцесивно за период од една година,* за Дел 1- *Набавка на рекламен простор за објавување во дневен печат на јавни огласи,конкурси,соопштенија и други објави на македонски јазик,* а врз основа на спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка со постапка - Набавка од мала вредност бр. 06770/2024 објавена на Електорнскиот систем за јавни набавки на 12.04.2024 година која се спроведе по електронски пат .

Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-598/1, изработена од Набавувачот, а по Одлука за јавна набавка бр.09-597/1 од 11.04.2024 год., за спроведување на Набавка од мала вредност, со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

Договорот за јавна набавка се склучува врз основа на прифатена конечна понуда по е-аукција бр.05-634/3 од 02.05.2024 год., поднесена од Носителот на набавката , а врз основа на Одлуката за избор на најповолна понуда број 09-653/1 од 23.04.2024 година, донесена од одговорното лице на Набавувачот.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупниот износ на набавката е добиен по пат на поднесена понуда и спроведена е-аукција (*за Дел 1 од предметот на јавната набавка - Набавка на рекламен простор за објавување во дневен печат на јавни огласи,конкурси,соопштенија и други објави на македонски јазик,* и изнесува вкупно **=11.550,00 ден.** (без ДДВ) ,

(единаесетилјадиипетстотиниипеесетденари) збир од сите поединечни ставки опишани во спецификацијата составен дел од понудата,

За предметната набавка - *Набавка на рекламен простор за објавување во дневен печат на јавни огласи,конкурси,соопштенија и други објави за потребите на општина Чешиново-Облешево, сукцесивно за период од една година* (вкупно за Дел 1 и за Дел 2) се планирани финансиски средства во вкупен износ од =500.000,00 денари (петстотинииилјадиденари) без пресметан ДДВ .

Средствата се обезбедени од Буџетот на општина Чешиново-Облешево.

Набавката ќе биде сукцесивна за стоки и услуги според потреба на Набавувачот, а ќе се врши по нарачка од договорниот орган .

Носителот на набавката по барање на Договорниот орган во текот на важењето на овој Договор, ги извршува услугите кои се предмет на овој Договор по единечна цена со пресметан ДДВ.

Единечните цени на услугите се содржани во Понудата на Носителот на набавката која е составен дел на овој Договор.

Договорниот орган нема обврска да ја исполни вкупната вредност од планираните средства за предметната набавка.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Останатите карактеристики се содржани во Понудата на Носителот на набавката, која е прифатена од страна на Договорниот орган.

Понудата на Носителот на набавката е составен дел на овој Договор.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Договорот се склучува на определено време за период од 1 (една) година, сметајќи од денот на потпишување на истиот.

Доколку договорот се исполни вредносно, пред истекот на периодот од 1 (една) година, истиот престанува да важи.

ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 4

Носителот на набавката е должен да ги изврши услугите кои се предмет на договорот сукцесивно по потреба на договорниот орган , во временски период од 12 месеци (365 дена) од денот на склучување на договорот за јавна набавка, на следниот начин:

Рок за објава:- најмногу 2 (два) дена од денот на достава на порачката и материјалот/текстот од страна на Договорниот орган, освен во случаи кога е потребна итна објава на барање на Договорниот орган огласот да биде објавен и во пократок рок-следниот работен ден, доколку огласот е предаден до 14.00 часот.

Доколку дневниот печат не го објави огласот со содржината која ја добил од Договорниот орган или во формат во кој бил побаран, должен е истиот на свој трошок повторно да го објави корегиран, во првиот следен број, по упатената реакција од Договорниот орган.

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача на следниов начин : -Порачката и материјалот/текстот кој треба да се огласи, Договорниот орган до Носителот на набавката ќе го достави писмено или по електронска пошта и задолжително ќе содржи податоци за тоа колку пати истиот треба да се објави и на која големина.

Набавката ќе биде деллива и сукцесивна по потреба на договорниот орган , а ќе се врши по нарачка од договорниот орган и плаќањето ќе се врши само за услуги кои се нарачани и примени.

- ДО го задржува правото Договорот да не го реализира во целост туку во зависност од потребите и сукцесивно.

НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Начин на плаќање е 60 дена по доставување на фактура со уредно потпишана испратница од Нарачателот за набавена стока и извршена услуга .

Плаќање ќе се врши исклучиво за услуги кои се извршени и за стоки кои се набавени .

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште;
- број и датум на Договорот;
  - количини со опис на услугата;
  - единечни договорни цени на секој од елементите;
  - вкупни цени по елементи;
  - вкупна цена на фактурата;
  - пресметка за ДДВ;
  - валута на плаќање.

Носителот на набавката е должен во ф/рите за извршена услуга посебно да ги изрази називите, количините и цените на извршените услуги.

КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИТЕ

Член 6

Цените на услугите искажани во понудата на Носителот на набавката се фиксни за целото времетраење на овој Договор.

ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Доколку Носителот на набавката од било која причина, нема да ја изврши услугата, Договорниот орган е овластен тие услуги да ги обезбеди од друга страна, а за сметка на Носителот на набавката.

Во случај на задоцнување во исполнувањето на обврските од страна на Носителот на набавката, тој е согласен да му плати на Договорниот орган договорна казна во висина од 1% од вкупната вредност на договорот со пресметан ДДВ.

Во случај на не извршување на услугата во рокот определен од Договорниот орган, Договорниот орган има право по претходно доставено писмено известување до Носителот на набавката за извршување на услугата во дополнително оставениот рок од Договорниот орган, да го раскине договорот со проста изјава и да склучи Договор за исполнување на обврски по јавна набавка со следно рангираниот понудувач.

Член 8

За износот на договорната казна Договорниот орган ќе му испостави на Носителот на набавката фактура, која Носителот на набавката е должен да ја плати во рок од 15 дена од денот на нејзиното пристигнување во неговата архива. Носителот на набавката се обврзува дека за задоцнето плаќање на фактурата од овој став ќе му исплати законска казнена камата на Договорниот орган за секој ден доцнење.

ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 9

Договорниот орган се обврзува да ги плаќа фактурите од член 7 од овој Договор на начин и во рок определен во истиот член.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Член 10

Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му ја надомести штетата предизвикана поради неисполувањето на овој Договор, задоцнувањето во исполнување на овој Договор, поради неисправност или недостатоци кај извршената услуга и во други случаи согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.

ИЗМЕНА НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Договорот за јавна набавка може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка во случаи од член 119 предвидени во Законот за јавни набавки.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 12

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред арбитражна комисија која ќе ја сочинуваат 3 (три) члена и тоа по 1 (еден) од двете договорни страни, а третиот член ќе го одберат заеднички од редот на арбитрите на Арбитражниот суд при Стопанска Комора на Република Северна Македонија.

Член 13

Доколку Арбитражната Комисија не даде заедничко прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот Основен суд Кочани.

ВИША СИЛА

Член 14

Договорените страни нема да бидат одговорни за неизвршување на било какви обврски од овој Договор доколку причината за неизвршување е виша сила – настани вон контрола на договорните страни и независни од нивната волја, кои директно влијаат на извршување на обврските од овој Договор и чија појава не е последица од невнимание на договорните страни, а кои не можело да се спречат, избегнат или отстранат.

Настаните од виша сила не се ограничени само на елементарни непогоди, туку вклучуваат и воена состојба, штрајк, ембарго.

Во случај било која од договорените страни да е спречена во исполнување на овој договор како последица од виша сила, должна е за тоа да ја извести другата договорна страна во рок од 48 часа, со индикација за причините и можното траење на настаните на виша сила. Истата постапка ќе биде применета поради известување за престанување на настаните од виша сила.

Доколку настапат настани оценети како виша сила, роковите одредени со овој Договор ќе се настојува да се прилагодат со обострано договарање на договорните страни, но во случај настаните од виша сила да траат подолго од 30 дена, Договорниот орган го задржува правото да го раскине овој Договор и истото веднаш да стапи во сила, од како писмено ќе го извести Носителот на набавката за тоа.

Во секој случај, доколку доцнењето предизвикано од виша сила се продолжи повеќе од 3 месеци секоја договорна страна има право по писмен пат да го раскине овој договор со што истото веднаш стапува на сила.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 15

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува Договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 16

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 17

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи на РМ, Тендерската документација и Понудата на Носителот на набавката.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс - Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 19

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 20

Овој Договор е склучен во 4 (четири) еднакви примероци од кои по два за секоја договорна страна.

Договорен орган

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник :

Далибор Ангелов

Носител на набавката

Вечер Прес ДООЕЛ Скопје
Одговорно лице:

Валентина Кочовска

Игор Панајотов

Прилог на договорот:Понуда по е-аукција бр.05-634/3 од 02.05.2024 год.

Изготвил:Љијанка Андонова

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Примено	02.05.2024		
Организациона единица	Број	Прилог	Вредност
05	634/3		

Прилог 1 - Образец на понуда

[меморандум на понудувачот]

Врз основа на огласот број 06770/2024 објавен од страна на Општина Чешиново-Облешево за доделување на договор за јавна набавка - *Набавка на рекламен простор за објавување во дневен печат на јавни огласи,конкурси,соопштенија и други објави за потребите на општина Чешиново-Облешево, сукцесивно за период од една година (за Дел 1)* со спроведување на постапка за Набавка од мала вредност, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

КОНЕЧНА ПОНУДА

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ

I.2. Контакт информации

- Адреса: бул...
- Телефон:
- Факс:
- Е-пошта:
- Лице за контакт:

I.3. Одговорно лице:

I.4. Даночен број:

1.5.Матичен број:

1.6.Жиро сметка:

Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги - *Набавка на рекламен простор за објавување во дневен печат на јавни огласи,конкурси,соопштенија и други објави за потребите на општина Чешиново-Облешево, сукцесивно за период од една година , (за Дел1)*

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на изведување утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

III.1. Нашата понуда за набавка на услуги- *Набавка на рекламен простор за објавување во дневен печат на јавни огласи,конкурси,соопштенија и други објави за потребите на општина Чешиново-Облешево, сукцесивно за период од една година , (за Дел1)*, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без пресметан ДДВ, изнесува 11.550,00 **[со бројки]** , (Единаесет илјади петстотини и педесет) **[со букви] денари.**

Вкупниот износ на ДДВ изнесува 2.079,00денари.

III.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
Скопје, 02.05.2024

Одговорно лице
Валентина Кочовска, Игор Панајотов
(потпис и печат)

ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Доколку понудата ја потпишува овластено лице од понудувачот, задолжително приложува и Овластување за потпишување

Техничка спецификација за : *Набавка на рекламен простор за објавување во дневен печат на јавни огласи,конкурси,соопштенија и други објави за потребите на општина Чешиново-Облешево, сукцесивно за период од една година ,*

Ред. бр.	Големина на простор	Позиција	Боја	Единечна цена без ДДВ	ДДВ18
	Дел 1- *Набавка на рекламен простор за објавување во дневен печат на јавни огласи,конкурси,соопштенија и други објави на македонски јазик.*				
1.	1/1 страница	внатре	црно/бела	4.937,00	889,0
2.	1/2 страница	внатре	црно/бела	2.945,00	530,0
3.	1/4 страница	внатре	црно/бела	1.689,00	304,0
4.	1/5 страница	внатре	црно/бела	704,00	127,0
5.	2/5 страница	внатре	црно/бела	1.268,00	228,0
6.	1 см2	внатре	црно/бела	7,00	1,00

За дел 1-Вкупна цена за вршење на услугите, како збир на единечните цени од сите ставки на техничката спецификација, вклучувајки ги сите трошоци и попусти, без пресметан ДДВ, изнесува.....11.550,00 денари

Напомена за дел 1 и дел 2:
Постигнатата најниска вкупна цена на електронската аукција, вклучувајки ги сите трошоци и попусти, без ДДВ за предметот за Договорот за јавната набавка, повлекува правопропорционално намалување на цените за секоја позиција поединечно.
Набавката ќе се врши согласно потребите на Договорниот орган. Договорниот орган нема обврска да ги исполни во целост услугите на вредноста на Договорот.
Доколку дневниот печат не го објави огласот со содржината која ја добил од Договорниот орган или во формат во кој бил побаран, должен е истиот на свој трошок повторно да го објави корегиран, во првиот следен број, по упатената реакција од Договорниот орган.

Рок за објава- најмногу 2 (два) дена од денот на достава на порачката и материјалот/текстот од страна на Договорниот орган, освен во случаи кога е потребна итна објава на барање на Договорниот орган, огласот да биде објавен и во пократок рок-следниот работен ден, доколку огласот е предаден до 14.00 часот.
Порачката и материјалот/текстот кој треба да се огласи, Договорниот орган до Носителот на набавката ќе го достави писмено или по електронска пошта и задолжително ќе содржи податоци за тоа колку пати истиот треба да се објави и на која големина.

Изготвил:Ивана Миленкова

Понудувач:ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ

ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ СКОПЈЕ